**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 1 декември 2023 година

**Соопштение за печатот**

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во третиот квартал од 2023 година

Во третиот квартал од 2023 година, во тековните трансакции со нерезиденти е остварен суфицит од 258,9 милиони евра, како резултат на суфицитот кај салдото на секундарниот доход и во размената на услуги. Кај финансиските трансакции со нерезиденти се остварени нето-одливи врз основа на портфолио-инвестиции и валути и депозити, а нето-приливи врз основа на трговски кредити, директни инвестиции и заеми.

**Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија**
(во милиони евра)

| | тековна година | | | | претходна година | | | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2023 | Кв.2 2023 | Кв.3 2023 | **Кв.1-Кв.3 2023** | Кв.1 2022 | Кв.2 2022 | Кв.3 2022 | **Кв.1-Кв.3 2022** | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **99.9** | **-117.5** | **258.9** | **241.3** | **-391.8** | **-236.9** | **105.9** | **-522.8** | **376.4** | ...* | **152.9** | ...* | **764.1** | ...* |
| Стоки | **-601.0** | **-592.6** | **-618.7** | **-1,812.3** | **-851.2** | **-895.4** | **-872.3** | **-2,618.8** | **-26.1** | 4.4 | **253.6** | -29.1 | **806.5** | -30.8 |
| Услуги | **253.4** | **16.1** | **291.3** | **560.8** | **168.6** | **161.4** | **328.3** | **658.3** | **275.1** | ...* | **-37.0** | -11.3 | **-97.5** | -14.8 |
| Примарен доход | **-178.0** | **-178.6** | **-170.1** | **-526.6** | **-141.2** | **-139.3** | **-137.9** | **-418.4** | **8.5** | -4.8 | **-32.1** | 23.3 | **-108.2** | 25.9 |
| Секундарен доход | **625.6** | **637.5** | **756.3** | **2,019.5** | **432.0** | **636.4** | **787.8** | **1,856.2** | **118.8** | 18.6 | **-31.5** | -4.0 | **163.3** | 8.8 |
| **Капитална сметка** | **0.3** | **-0.5** | **-0.5** | **-0.7** | **0.2** | **-0.7** | **-1.1** | **-1.7** | **-0.1** | | **0.6** | | **0.9** | |
| **Финансиска сметка** | **99.7** | **-108.2** | **283.8** | **275.3** | **-390.2** | **-210.8** | **135.6** | **-465.4** | **391.9** | | **148.2** | | **740.7** | |
| *Позначајни компоненти:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции | **-135.8** | **-109.8** | **-39.2** | **-284.8** | **-108.0** | **-138.1** | **-178.1** | **-424.3** | **70.6** | | **139.0** | | **139.5** | |
| Нето-стекнување средства | **216.0** | **138.1** | **164.0** | **518.1** | **396.5** | **2.2** | **164.6** | **563.3** | **25.8** | | **-0.6** | | **-45.2** | |
| *Сопственички капитал* | **15.2** | **22.1** | **19.0** | **56.3** | **7.6** | **16.6** | **13.1** | **37.2** | **-3.1** | | **5.9** | | **19.1** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **5.5** | **3.2** | **2.9** | **11.5** | **4.2** | **4.2** | **4.2** | **12.5** | **-0.3** | | **-1.3** | | **-0.9** | |
| *Должнички инструменти* | **195.3** | **112.9** | **142.1** | **450.2** | **384.8** | **-18.5** | **147.3** | **513.6** | **29.2** | | **-5.2** | | **-63.3** | |
| Нето-создавање обврски | **351.8** | **247.9** | **203.1** | **802.8** | **504.6** | **140.3** | **342.7** | **987.6** | **-44.8** | | **-139.6** | | **-184.7** | |
| *Сопственички капитал* | **49.8** | **68.5** | **107.1** | **225.4** | **9.6** | **68.9** | **108.8** | **187.4** | **38.5** | | **-1.8** | | **38.0** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **132.2** | **72.4** | **48.0** | **252.6** | **7.9** | **7.9** | **7.9** | **23.6** | **-24.3** | | **40.2** | | **229.0** | |
| *Должнички инструменти* | **169.8** | **107.0** | **48.0** | **324.8** | **487.1** | **63.5** | **226.0** | **776.5** | **-59.0** | | **-177.9** | | **-451.7** | |
| Портфолио-инвестиции | **-438.5** | **20.0** | **414.9** | **-3.5** | **26.4** | **69.1** | **-221.7** | **-126.2** | **395.0** | | **636.7** | | **122.7** | |
| Валути и депозити | **124.0** | **119.9** | **268.7** | **512.6** | **24.3** | **118.4** | **133.7** | **276.4** | **148.7** | | **135.0** | | **236.3** | |
| Заеми | **163.7** | **-174.0** | **-6.6** | **-17.0** | **49.0** | **-35.2** | **-174.6** | **-160.8** | **167.4** | | **168.0** | | **143.8** | |
| Трговски кредити | **115.3** | **-15.8** | **-48.5** | **50.9** | **-7.5** | **-83.9** | **-77.6** | **-169.0** | **-32.7** | | **29.1** | | **219.9** | |
| Девизни резерви | **266.7** | **52.3** | **-305.6** | **13.3** | **-373.5** | **-132.7** | **654.0** | **147.8** | **-357.9** | | **-959.7** | | **-134.5** | |

...* процентуалната промена е над 100

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРСМ.

### *Тековна сметка*

Суфицитот во тековните трансакции со нерезидентите, во третиот квартал од 2023 година од 258,9 милиони евра е резултат на нето-приливите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (756,3 и 291,3 милиони евра, соодветно), коишто го надминаа дефицитот остварен кај стоковната размена (618,7 милиони евра) и кај примарниот доход (170,1 милион евра).

Во споредба со вториот квартал од годината, кога тековната сметка забележа дефицит од 117,5 милиони евра, подобрувања се остварени во размената на услуги (за 275,1 милион

---

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

евра) и кај секундарниот доход (за 118,8 милиона евра), а во помал обем и кај подбилансот на примарниот доход (за 8,5 милиони евра), наспроти умереното влошување кај стоковната размена (за 26,1 милион евра).

Во споредба со истиот квартал од минатата година, суфицитот на тековната сметка бележи зголемување за 152,9 милиони евра, во целост како резултат на намалениот дефицит кај стоковната размена (за 253,6 милиони евра). Влошување бележат подбилансите кај размената на услуги (за 37 милиони евра), примарниот доход (32,1 милион евра) и секундарниот доход (31,5 милиони евра).







Извор: НБРСМ.

## ***Финансиска сметка***

Кај финансиските трансакции со нерезидентите, во третиот квартал од 2023 година, се забележани нето-одливи од 283,8 милиони евра. Анализирано по категории, нето-одливи се забележани кај портфолио-инвестициите (414,9 милиони евра) и валутите и депозитите (268,7 милиони евра), додека нето-приливи се бележат кај трговските кредити (48,5 милиони евра), директните инвестиции (39,2 милиона евра) и кај заемите (6,6 милиони евра).

Во третиот квартал, кај директните инвестиции се остварени нето-приливи од 39,2 милиона евра. Анализирано по компоненти, ваквите остварувања се резултат на нето-приливите кај сопственичкиот капитал (88,1 милион евра) и реинвестираната добивка (45,2 милиона евра), додека кај меѓукомпанискиот долг се забележани нето-одливи (94,1 милион евра). Од почетокот на годината заклучно со септември, врз основа на директни инвестиции се остварени нето-приливи во износ од 284,8 милиони евра, што во споредба со истиот период од минатата година претставува помал прилив за 139,5 милиони евра.

Обврските врз основа на директни инвестиции во третиот квартал од 2023 година[2] бележат зголемување од 203,1 милион евра, како резултат на нето-растот на обврските врз основа на сопственичкиот капитал (107,1 милион евра), меѓукомпанискиот долг (48 милиони евра), и реинвестираната добивка (48 милиони евра).

Средствата врз основа на директни инвестиции се зголемени за 164 милиона евра, при зголемени побарувања врз основа на: меѓукомпаниски долг (за 142,1 милион евра), сопственички капитал (за 19 милиони евра) и реинвестирана добивка (за 2,9 милиони евра).

Во третиот квартал од годината, нето-обврските врз основа на портфолио-инвестиции се намалени за 414,9 милиони евра, во најголем дел како резултат на достасувањето на обврските врз основа на петтата еврообврзница во јули и отплата на камата врз основа на издадени обврзници од државата, а во помал дел и од реоткупот на домашните еврообврзници од страна на резиденти. Истовремено, се остварени зголемени побарувања од вложувањата на резидентите во странски сопственички (24,7 милиони евра) и должнички (16,3 милиони евра) хартии од вредност.

Нето-приливите врз основа на заеми од 6,6 милиони евра главно произлегуваат од нето-приливите кај централната банка[3] (35,8 милиони евра) и во помал дел кај останатите сектори[4] (11,5 милиони евра), наспроти нето-одливите кај секторот „држава“ (за 29,4 милиони евра) и кај секторот „останати депозитни институции“ (за 11,2 милиона евра).







Извор: НБРСМ.

Остварениот суфицит во тековната сметка (241,3 милиони евра), како и нето-приливите од директни инвестиции (284,8 милиони евра), заеми (17 милиони евра) и портфолио-

---

[2] Се прикажуваат директните инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.
[3] Активности на Народната банка за управување со девизните резерви.
[4] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

инвестиции (3,5 милиони евра), овозможија финансирање на нето-одливите остварени кај останатите компоненти на финансиската сметка (валути и депозити 512,6 милиони евра и трговски кредити 50,9 милиони евра) и зголемување на девизните резерви за 13,3 милиони евра.

### *Ревизии на податоците*

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – јуни 2023 година заради подобрување на нивниот квалитет. Притоа, ревизијата на податоците придонесе за зголемување на дефицитот во тековната сметка за 5,7 милиони евра, главно како резултат на ревизијата во подбилансот на примарниот доход и стоковната размена (зголемен дефицит за 6,8 милиони евра и 1,6 милиони евра, соодветно), наспроти зголемувањето на суфицитот кај размената на услуги и кај секундарниот доход (за 2,1 милион евра и 0,6 милиони евра, соодветно).

Кај финансиската сметка ревизијата доведе до поголеми нето-обврски за 12,7 милиони евра, главно како резултат на зголемувањето на нето-обврските кај директните инвестиции (за 8,9 милиони евра) и кај трговските кредити (за 3,8 милиони евра).

Поради ревизијата на податоците дојде до намалување на грешките и пропустите за периодот јануари – јуни 2023 година за 7,1 милион евра.

### *Придружни информации*

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 29 февруари 2024 (референтен период, заклучно со декември 2023 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).